

# СЛАВИЦА ЈАНЕШЛИЕВА

## Графичка - инсталација
## Писма

Музеј на град Скопје
Отворено графичко студио
декември 1998



# ПИСМО - ЗАВЕСА

Во својата најнова графичка инсталација авторката Славица Јанешлиева продолжува да ја обработува својата сакана тема: семејството. Фотографиите и писмата од интимното минато на своите најблиски таа ги претвора во материјал за "пајажината" од стотина минијатурни графики (12см x 12см) која е поставена да виси во средината на просторот на галеријата. Така, Јанешлиева ни ја разоткрива својата љубопитност и приврзаност за семејната историја, но и спремност истата да ја изложи на јавноста.

Реконструкцијата на минатото на членовите на семејството не претставува само хроника на патувањата и разделбите туку истовремено и едно големо интерсубјективно "писмо" испишано од авторката како анамнеза на присуствата и отсуствата на одредени личности кои нужно комуницирале од просторна дистанца. Временската дистанца, пак, и овозможува да симулира една можна верзија на настаните и односите, па дури и на ракописите на актерите на оваа континуирана преписка. Ракописот на личноста од фотографијата, ракописот на оној што пишува до фотографираниот или пак самото спомнување на некоја личност во текстот се испреплетуваат и ја ткаат интертекстуалната повеќеслојност и повеќезначност на минатото чии мириси се пресувани, "конзервирани" за иднината. Во тие релации меѓу она што Ролан Барт го нарекува *studium* - познатото, предвидливото и баналното и она што, според него, е *punctum* - посебно, специфично и неочекувано (некој детал кој навестува цела приказна), се крие драматичниот набој, вистината за судбината на сите тие за нас непознати личности.

Дали писмата навистина стигнале до своите адресанти, не само во буквална туку и во метафорична смисла, дали биле разбрани правилно и примени со адекватни емоции, не можеме да дознаеме. Нарацијата е фрагментирана, дисконтинуирана како што биле и комуникацијата, емоциите и односите меѓу самите личности. Единствена извесност во овој проект е деликатната визуелна игра меѓу фотографијата, фото-акватинтата и ракописот-текстот, како и нивната опростореност како една прозирна завеса со две лица која се испречува меѓу минатото и иднината.

Сузана Милевска



Детал - графика
акватинта, бакропис, шаблон
12 см  x 12 см, 1998

СЛАВИЦА ЈАНЕШЛИЕВА

Родена 1973 година во Скопје.
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1996 година, во клаата на проф. Зоран Јакимовски, отсек графика. Истата година запишала постдипломски студии на ФЛУ - Скопје, под менторство на проф. Димитар Малиданов.
Член на ДЛУМ од 1997 година.

**Адреса:**
Ул. Франц Прешерн 159, 91 000 Скопје
**Тел.** 328 404 **e-mail:** slavicaj@soros.org.mk

**Самостојни изложби:**

1996 Битола, Изложба на графики (со А. Поповски и О. Мусовиќ), Уметничка галерија
1997 Скопје, Графики - со проектот "Трло", (со А. Стојковиќ), Галерија при МКЦ
1998 Скопје, Графичка инсталација, Отворено графичко студио

**Одбрани групни изложби:**

1995 Скопје, Чифте Амам (инсталации) - Скопско лето '95
1996 Горњи Милановац, Југославија, IV Меѓународно биенале на минијатурна уметност,
1997 Харков, Украина, "4th Block", Меѓународно триенале на графика и плакат
Битола, II Меѓународно графичко триенале, Завод, Музеј - Битола
Ужице, Југославија, III Графичко биенале - сува игла
Варна, Бугарија, Интернационално графичко биенале
Лесковац, Југославија, Меѓународно биенале на графики со мал формат, Галерија "Сонце"
Скопје, СИАБ '97, Музеј на Град Скопје
Канагава, Јапонија, 19-та Интернационална изложба на графики
Скопје, Графички експеримент, Отворено графичко студио
1998 Белград, Југославија, Изложба на македонски уметници од помладата генерација
Софија, Бугарија, Второ Меѓународно графичко триенале
Белфаст, Северна Ирска, Меѓународна изложба на мали графики
Белград, Југославија, 5. Биенале на графика Белград '98 - меѓународна изложба
Струмица, Избор '97, во организација на АИКА, Уметничка галерија

**Награди:**

1997 СИАБ '97, Скопје - II награда
1998 28 графичка изложба на ДЛУМ - Откупна награда

